**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До:**

Бр. 03-2126/3

Скопје 27.04.2018г.

**Предмет: Одговор на претставка во врска со репризирањето на епизодата за интернет криминал од емисијата**

Почитуван/а,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од Вас доби дописи во врска со репризирањето на епизодата за интернет криминал од емисијата „“ на , во која се раскажува за случајот на Вашата ќерка. Во дописот наведувате дека повторното емитување на емисијата во последните месеци Ве „вознемирува до бескрај“ и замолувате да ѝ се помогне на Вашата ќерка да го заборави лошиот период од животот што побргу, преку забрана за репризирање на оваа епизода од емисијата „ “.

Ве информираме дека медиумите во Република Македонија се независни во утврдувањето на својата уредувачка политика, и самите одлучуваат кои програми ќе ги емитуваат, при што мора да ги почитуваат професионалните начела и да не прекршуваат некои од забраните пропишани во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Со увидот во емисијата се утврди дека не се прекршени Законот и подзаконските акти. Агенцијата не може да бара забрана на емитувањето на емисијата.

Од друга страна, во вашиот допис јасно наведувате дека репризирањето на конкретната епизода Ви нанесува емотивна штета, објаснувајќи дека е „премногу и не може да се издржи“. Од таа причина, Агенцијата ќе го препрати Вашиот допис до ТВ заедно со одговорот на претставката, со цел медиумот да донесе одлука земајќи ја предвид вашата молба.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

.................................................................

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**
**Република Македонија**

**Тел. + 389 2 3103 400**

**www.avmu.org.mk**
**www.avmu.mk**
**contact@avmu.mk**

**МКД СЕРТИФИКАТ**
**МКС EN ISO 9001:2009**